Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 16.01.2019

На 16.01.2019 година во 00.22 часот на улица „Столарска" во Битола, И.П.(36) од село Дедебалци, битолско, управувајќи патничко возило „Мицубиши" со битолски регистарски ознаки, удрил во пешакот С.С.(58) од Битола. С.С. се здобила со тешки телесни повреди и била пренесена во Клиничката болница Битола. Увид на местото извршила екипа од СВР Битола.

На 15.01.2019 година во 16.30 часот во Полициската станица Кочани, Б.С.(61) од село Грдовци, кочанско, пријавил дека на 14.01.2019 година околу 17.30 часот на улица „Лазар Андонов " во Кочани бил каснат од куче скитник.

На 14.01.2019 година во Полициската станица Гази Баба, вработена во Јавната установа „Ранка Милановиќ“ пријавила дека на 28.12.2018 часот од домот во непознат правец самоволно се оддалечил нивен штитеник Ж.Р.(19) од Скопје. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

Во текот на изминатиот ден (15.01.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно шест сообраќајни незгоди од кои две сообраќајни незгоди со телесни повреди и четири со материјална штета. Во сообраќајните незгоди две лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 49 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени 18 возачи од кои: 15 возачи управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило, еден возач затоа што биле возач-почетник и двајца возачи затоа што управувале возила под дејство на алкохол. Исто така, исклучени од сообраќај се и 10 возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се тројца возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца поради неправилно престројување, двајца поради непоседување пропишана зимска опрема, пет возачи поради недавање првенство на минување на возила на крстосница, четворица возачи поради неносење сигурносен појас при управување на моторно возило и 19 возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкционирани се седум пешаци поради поминување на коловоз вон пешачки премин и еден пешак затоа што поминал коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 71 мандатен платен налог и 68 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика при Министерството за внатрешни работи во координација со Основното јавно обвинителство- Куманово презеде мерки и активности поради споделена објава на социјалната мрежа Фејсбук од страна на А.Б. (36) од Куманово, со која предизвикал загрозување на сигурноста на пратеници во Собранието на Република Македонија и поради ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем односно поради основано сомнение за сторено кривично дело по чл.144 „Загрозување на сигурност“ и по чл.394-г „Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјутерски систем“ од Кривичниот законик на Република Македонија.
По наредба на Основното јавно обвинителство- Куманово А.Б. на 15.1.2019 е повикан на службен разговор во полициска станица, а одземени се и предмети со цел прибирање на докази. По документирање на случајот, против А.Б. ќе биде поднесена кривична пријава.
Секторот за компјутерски криминал и дигитална форензика ќе продолжи со активностите со цел санкционирање на ваквите случаи. Ги повикуваме сите граѓани кои се изложени на вакви закани или сведочат вакви закани, истите да ги пријават во најблиската полициска станица или на адресата cybercrime@moi.gov.mk.

На 15.01.2019 година околу 13.40 часот на автопатот Тетово-Скопје, после клучка Групчин, патничко возило ,,Фиат пунто" со швајцарски регистарски ознаки, управувано од Х.И.(25) од село Дебреше, гостиварско, излетало од патот и удрило во заштитна ограда. Притоа, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Ш.Х.(45) од село Дебреше, додека другите сопатници А.Х.(26) и О.Х.(20) се здобиле со телесни повреди. На повредените им била укажана лекарска помош во Клиничката болница Тетово. Увид на местото на настанот извршила увидна екипа од Секторот за внатрешни работи Тетово.

На 15.01.2019 година околу 10.30 часот во село Чајле, гостиварско, полициски службеници од Полициското одделение-Чегране, врз основа на судска наредба, го привеле А.И.(62) од село Чегране, гостиварско, за издржување на казна затвор. По приведувањето, А.И. бил предаден во Казнено-поправната установа Тетово за издржување на затворската казна.

На 15.01.2019 година во периодот од 18.45 часот до 19.15 часот, врз основа на судска наредба, полициски службеници извршиле претрес во домот и помошните простории на Ш.С.(60) од Гостивар. При претресот бил пронајден пиштол „Compact EFC" со три куршуми, кој бил одземен и даден на вештачење. По целосно документирање на случајот, против Ш.С. ќе биде поднесена соодветна пријава.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против З.Р.(50) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „производство и пуштање во промет на штетни средства за лекување". На 20.07.2018 година во полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавената во Прилеп и пронашле 281 лента со таблети „Трамадол" од 50 милиграми.

На 15.01.2019 година во 13.30 часот во СВР Скопје, вработен во домот „Ранка Милановиќ" пријавил дека истиот ден околу 13.00 часот 17-годишен штитеник на домот физички ја нападнал неговата мајка Љ.К.(48) од Скопје, која дошла во посета. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.Ј.(20) од Тетово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „спречување службено лице при вршење службено дејствие''. На 03.11.2018 година околу 00.30 часот пред угостителски објект на улица „ЈНА'' во Тетово, при преземање на дејствија во врска со настаната физичка пресметка помеѓу неколку лица, пријавениот физички нападнал полициски службеник.

Во периодот од 17.00 часот на 14.01.2019 до 08.00 часот на 15.01.2019 година непознат сторител извршил тешка кражба во автоплац за продажба на половни возила на булевар „Србија". Сторителот со употреба на сила влегол внатре и одзел три патнички возила марка „БМВ ", „Ауди " и „Мерцедес ". Сторителот ги стартувал возилата со клучевите кои биле оставени во возилата. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против О.Ј.(37) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори ‟. На 18.05.2018 година полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле марихуана и метамфетамин.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против А.В.(19) од село Долно Којнаре, кумановско, поради постоење основи на сомение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурсори‟. На 25.05.2017 година во домот на А.В. пронајдена е марихуана.

На 16.01.2019 година околу 01.50 часот во Полициската станица Прилеп било пријавено дека на ул. „Нил Армстронг‟ било опожарено возило „Мерцедес‟, сопственост на Д.П.(31) од Прилеп. Извршен е увид.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Џ.Д.(21) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување, држење и тргување со оружје или распрскувачки материи‟. На 21.12.2018 година во Куманово полициски службеници, при личен преглед над пријавениот, полициски службеници пронашле и одзеле 1.000 парчиња пиротехнички средства.

На 16.01.2019 година во 01.20 часот во СВР Скопје, Д.Д.(50) од Скопје пријавил дека на 15.01.2019 година околу 22.40 часот на булеваротот „Партизански Одреди‟ неколку лица физички го нападнале неговиот син. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

tabindex=0&tabid=127)

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)